Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Архивски број: 08- 2281/1
Датум: 19-02-2025 година

До: ___________________________

Предмет: Известување

Почитувани,

Врз основа на член 4 од Законот за Буџетите ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.203/22, 76/24 и 272/24), Министерство за финансии воспоставува, води и одржува Регистар на јавни субјекти.

Согласно член 4 од Правилникот за формата, содржината, воспоставувањето и начинот на одржување на регистарот на јавни субјекти ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.277/24), регистарот се воспоставува на тој начин што секој правен субјект основан директно или индиректно од страна на државата или од општините се евидентира во Регистарот.

Секој нов правен субјект основан директно или индиректно од страна на државата или од општините се евидентира во Регистарот врз основа на барање за регистрација во Регистарот, кој се одржува од страна на Министерството за финансии.

Барањето за евидентирање во Регистарот и Упатството за негово пополнување се објавуваат на веб-страната на Министерството за финансии (https://finance.gov.mk/Области/Јавни финансии/Буџет/Регистар на јавни субјекти/).

При секоја промена на јавните субјекти запишани во Регистарот, во рок од осум дена од денот на настанатата промена се доставуваат податоци до Министерство за финансии со цел ажурирање на податоците во Регистарот.

Имајќи го предвид горенаведеното, ве информираме дека потребно е во најкус можен рок да доставите барање за евидентирање до Министерството за финансии, како и да ги информирате јавните субјекти кои се под ваша надлежност дека е потребно истите да достават Барање за евидентирање во Регистарот на јавни субјекти.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Република Северна Македонија Министерство за финансии Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e financave - Shkup
II

Прилог:
-Барање за регистрација и Упатство за негово пополнување

Изработил: Лидија Ѓозинска
Festim Alimi
Контролирал: Floreta Hasani
Одобрил: Аница Иваноска – Стрезовски/Тања Трипунова
Проверил: Јасмина Вукиќевиќ
Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 763
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

Прилог број 2

Барател :
Архивски број:
Датум и место:

# БАРАЊЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ВО РЕГИСТАРОТ НА ЈАВНИ СУБЈЕКТИ

| ПОПОЛНУВА БАРАТЕЛОТ | |
|---|---|
| Назив на субјектот | |
| Адреса | |
| Раководно лице | |
| Единствен матичен број на субјектот | |
| Единствен даночен број | |
| Барањето е наменето за:<br>1. регистрација на јавен субјект,<br>2. промена на назив на јавен субјект или<br>3. затворање на јавен субјект | |
| **Контакт информации:** | |
| Контакт лице | |
| Телефон | |
| е-маил адреса | |

**Во прилог на Образецот се доставува Решение на Централниот Регистар на Република Северна Македонија (не постаро од шест месеци) со која се потврдува промената (наведена во делот "Барањето е наменето за:„).**

**Образецот се пополнува електронски и се доставува до архивата на МФ.**

Напомена: *Субјектот и овластеното лице се одговорни за точноста на податоците.*

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на раководно лице на субјектот** | |
| **Потпис и печат** | |

**Прилог број 3**

## Упатство за пополнување на Барање за регистрација во Регистарот на јавни субјекти

Во делот „**Барател**“- се наведува називот на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Архивски број**“- се внесува бројот под кој Барањето е заведено во архивата на институцијата испраќач на барањето.

Во делот „**Датум и место**“ се внесува датумот и местото на Барањето кога и местото каде е заведено во архивата на институцијата испраќач на барањето.

Во делот „**Назив на субјекти**“- се наведува називот на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Адреса**“- се наведува адресата на седиштето на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Раководно лице**“- се наведува името и презимето на раководното лице на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Единствен матичен број на субјектот**“- се наведува единствениот матичен број на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти, а со кој е регистрирана во Централен регистар на Република Северна Македонија.

Во делот „**Единствен даночен број**“- се наведува единствениот даночен број на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти, а со кој е регистрирана во Управа за јавни приходи.

Во делот „**Барањето е наменето за**“- се наведува која е целта на доставеното барање, односно дали е потребно да се изврши регистрација на јавен субјект, промена на назив на јавен субјект или затварање на јавен субјект.

Во делот „**Контакт лице**“- се наведува контакт лице кое може да биде контактирано доколку се потребни дополнителни информации.

Во делот „**Телефон**“- се наведува телефонскиот број на лицето наведено за контакт кое може да биде контактирано доколку се потребни дополнителни информации .

Во делот „**е-маил адреса**“- се наведува мејлот на лицето наведено за контакт кое може да биде контактирано доколку се потребни дополнителни информации .

Во делот „**Име и презиме на раководно лице на субјектот**“- е наменет за име и презиме на раководното лице на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Делот „**Потпис и печат**“- е наменет за потпис на раководното лице и печат на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во прилог на Образецот се доставува Решение на Централниот Регистар на Република Северна Македонија (не постаро од шест месеци) со која се потврдува промената (наведена во делот “Барањето е наменето за:„).

Ова барање се пополнува електронски и се доставува до архивата на Министерство за финансии.

**Напомена: Корисникот и овластеното лице се одговорни за точноста на податоците.**